# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Објавен во Службен весник број: 13/2014

## Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" број 184/13), во членот 2 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
"- промовирање на слободата на изразување,".

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

## Член 2

Во членот 6 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
"- ја поттикнува слободата на изразување,".

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17.

## Член 3

Во членот 14 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:
"- двете здруженија на новинари од Република Македонија со најголем број членови предлагаат по еден член на Советот,".

Алинејата 4 се брише.

Алинеите 5 и 6 стануваат алинеи 4 и 5.

Во ставот (4) броевите "1, 2, 3 и 4" се заменуваат со броевите "1, 2 и 3".

Во ставот (11) во првата реченица зборовите: "го утврдува мнозинското здружение" се заменуваат со зборовите: "ги утврдува здруженијата".

## Член 4

Во членот 21 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
"(6) Одлуката од ставот (3) на овој член е конечна, а против истата може да се поднесе тужба до надлежниот суд, согласно со закон."

## Член 5

Во членот 29 став (1) зборовите: "и на електронските публикации" и броевите "7" и "10" се бришат.

## Член 6

Во членот 48 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

## Член 7

Во членот 152 ставот (1) се менува и гласи:
"Собранието на Република Македонија ќе упати јавен повик за доставување на предлог на кандидати за членови на Советот на Агенцијата, согласно со членот 14 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Во ставот (9) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а до денот на влегувањето во сила на актите, ќе се применуваат актите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон."

## Член 8

Во членот 153 став (9) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а до денот на влегувањето во сила на актите, ќе се применуваат актите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон."

## Член 9

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".